ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.08-3168/11
30.11.2012 год.
СКОПЈЕ

**АНЕКС**
кон Договорот за изработка на идеен проект и изработка
на релјефи бр.08-343/20 од 10.02.2011 година,
склучен помеѓу Општина Центар Скопје, како **Нарачател**
и Дарко Дуковски и Елена Дуковска од Скопје
ул.„Народен фронт" број 25/65 како **Автори**

**Склучен на ден 30.11.2012 година помеѓу:**

Вовед

Договорните страни склучија Договор за изработка на идеен проект и изработка на релјефи бр.08-343/20 од 10.02.2011 година, со кој е предвидено Авторите да изработат идеен проект за изработка на релјефи (барелјефи и длабоки релјефи) за Фонтана Св.Никола, предвидена како целина составена од кружен столб висок 11 метри со дијаметар 2 метри, обложен со длабок релјеф во мермер и со барелјефи со ликот на Св.Никола, изработени во бронза и поставени на врвот на столбот, да изработат длабоки релјефи за столбот на фонтаната и тоа за базисот, телото на столбот и горниот дел на столбот – капител, сите во цврст материјал – позитив, погодни за натамошна обработка во мермер, да изработат барелјефи со ликот на Св.Никола со висина од 3 метри, во цврст материјал – позитив, погоден за лиење во бронза.

Со член 2 од наведениот Договор е предвидено да се изработат барелјефи според идејно решение со можност барелјефот да биде плиток, среден и длабок во зависност од конечниот идеен проект.

Врз основа на досегашната реализација на наведениот договор договорните страни се согласија за следното:

**Член 1**

Со овој Анекс се утврдува дека предмет на основниот договор е изработка на длабок релјеф од 20 см со вкупна површина од 76м². Поединечна цена на барелјеф по м² утврдена со договорот не се менува, а договорената цена пресметана според одредбите на договорот и утврдените количини од страна на комисијата изнесува за:

- Длабок релјеф со површина од 76м² по цена од 80.000,00 денари за м², вкупно 6.080.000,00 денари
- За баррелјефите со ликот на Св.Никола како една целина, ќе се исплатат вкупно 860.000,00 денари
- Вкупната вредност на договорот изнесува 6.940.000,00 денари

**Член 2**

Овој Анекс кон Договор за изработка на идеен проект и изработка на релјефи бр.08-343/20 од 10.02.2011 година е составен дел на предметниот договор и истиот стапува на сила на денот на неговото потпишување.

**Член 3**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 3 (три) за нарачателот и 1 (еден) за авторите.

Општина Центар
Градоначалник
Владимир Тодоровиќ

Дарко Дуковски

Елена Дуковска

Изготвил: В.Узуновски

Контролирал: В.Петровски

Одобрил: Претседател на Комисија
за јавни набавки: Р.Савовски